# КАКО ДА ЈА СПРЕЧИМЕ ИЗБОРНАТА КОРУПЦИЈА ПОМЕЃУ СТУДЕНТИТЕ?

Бриф бр.9 Институт за стратешки истражувања и едукација www.isie.org.mk јули 2024

## Во овој бриф

ги претставуваме клучните препораки кои произлегоа од проектот, а се однесуваат на подобрувањето на остварувањето на правата на студентите во однос на спречувањето на изборната корупција во нивната средина. Студијата е достапна на македонски и албански јазик на нашиот сајт www.isie.org.mk.



*Наша цел:*

*да се преземат итни, вклучувајќи и влијателни акции за актуелни потреби и предизвици поврзани со корупцијата особено на спречување на корупцијата кон студентите во предизборниот период*

## За проектот

Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ Скопје во периодот од 1.4.-31.8.2024 година го спроведува проектот „Акција за спречување на изборна корупција кон студентите“. Проектот се реализира во рамки на програмата „Граѓаните против корупцијата“ (ГПК) финансирана од Владата на Соединетите Американски Држави преку Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД/Северна Македонија.

Како дел од проектните активности, во периодот пред одржувањето на парламентарните избори, ИСИЕ организираше пет полудневни работилници посветени на спречувањето изборна корупција кон студентите во пет универзитетски центри во земјава (Битола, Охрид, Тетово, Штип и Скопје) со вкупно 137 учесници како и две тркалезни маси со клучните носители на интереси во Скопје и Тетово.

Во рамките на проектот е подготвен и Извештај за процена на состојба за отпорност од изборна корупција помеѓу студентската популација со анкета со 218 испитаници како и Водич за спречување изборна корупција помеѓу студентите.

Овие публикации се достапни на сајтот на ИСИЕ - www.isie.org.mk .

## ЗАКЛУЧОЦИ

Врз основа на спроведеното истражување, беа утврдени следниве заклучоци:

⇒ Со оглед на големиот број на студенти на национално ниво отсуствуваат посебни мерки и механизми за заштита на студентите од изложеност на изборна корупција.

⇒ Ниту во Изборниот законик ниту во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите (а особено глава четири) не се содржани посебни мерки за заштита на студентите за време на избори (иако одделни генерални правила се содржани кои ограничуваат влијание преку различни исплати од изборен период).

⇒ Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021 – 2025 година не вклучува посебни мерки кои се насочени кон спречување на изборна корупција насочена кон студентите.

⇒ Во основа политичките партии своите програми во значаен дел ги насочуваат кон студентите со предвидување на низа на мерки, кои имаат во најголем дел имаат финансиски карактер.

⇒ Податоците од анкетата покажаа низа на состојби кои може да се земат во предвид за подобрување на состојбите:

⇒ Согласно со испитаниците најголем извор на потенцијална изборна корупција е студентското сместување и студентски домови, по што следат студентскиот субвенциониран оброк и државните студентски стипендии и

⇒ Иако поголемиот дел од испитаниците не знаат каде да пријават изборна корупција и немаат доверба дека соодветно ќе се постапи, сепак би се решиле да пријават изборна корупција.

## ПРЕПОРАКИ

⇒ Вклучување на мерки како по обем така и по содржина кои се однесуваат на спречување на изложеност на изборна корупцијата на студентите во следната националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси.

⇒ Прецизирање на законските одредби во Изборен законик и во Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси со мерки и механизми за заштита на студентите.

⇒ Воведување на контролни механизми во студентски домови при распределба на студентско сместување и поделба на студентски оброк со ad hoc карактер за време на изборни години.

⇒ Спроведување на едукативни активности во насока на запознавање на студентите за начините за пријавување на изборна корупција и механизмите кои им стојат на располагање за заштита на правата на студентите.

⇒ Зајакнување на капацитетите на ниво на високообразовни установи и студентски организирани облици на делување за заштита на студентите од изложеност на изборна корупција.

Документот е подготвен од Институтот за стратешки истражувања и едукација - ИСИЕ со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) а во партнерство со МЦМС. Содржината и мислењата изразени во овој документ им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на МЦМС, УСАИД или на Владата на САД.